**АД Д-Р ПАНОВСКИ - Скопје**

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР
И
ПОСЕБНИ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА
ГОДИНАТА КОЈА ЗАВРШУВА НА
31 ДЕКЕМВРИ 2021 ГОДИНА**

**Скопје, мај 2022**

**СОДРЖИНА** Страна


| | |
|---|---|
| **Извештај на независниот ревизор** | **1-2** |
| **Посебни финансиски извештаи** | |
| Извештај за сеопфатна добивка | 3 |
| Извештај за финансиска состојба | 4 |
| Извештај за паричните текови | 5 |
| Извештај за промените во главнината | 6 |
| Белешки кон финансиските извештаи | 7-34 |
| **Додатоци** | |
| Додаток 1- Законска обврска за составување на годишна сметка и годишен извештај за работење | |
| Додаток 2- Годишна сметка | |
| Додаток 3- Годишен Извештај за работење | |

**МУР СТИВЕНС ДОО**
Св. Кирил и Методиј, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
**Тел.**: +389 (2) 32 14 706
**Е-адреса**: moore@moore.mk
www.moore.mk
www.moore-global.com

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР
## ДО
## АКЦИОНЕРИТЕ НА
## АД Д-Р ПАНОВСКИ - Скопје

### Извештај за посебните финансиски извештаи

Ние извршивме ревизија на приложените посебни финансиски извештаи на АД Д-Р ПАНОВСКИ - Скопје (Друштвото), кои што го вклучуваат Извештајот за финансиска состојба заклучно со 31 декември 2021 година, како и Извештајот за сеопфатна добивка, Извештајот за промени во главнината и Извештајот за парични текови за годината која завршува тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството на Друштвото е одговорно за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија, и интерната контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиски извештаи кои се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи, врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Законот за ревизија и Меѓународните стандарди за ревизија кои се прифатени и објавени во Република Северна Македонија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Друштвото за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР (Продолжува)**
**ДО**
**АКЦИОНЕРИТЕ НА**
**АД Д-Р ПАНОВСКИ - Скопје**

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*Мислење*

Според нашето мислење, посебните финансиски извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на АД Д-Р ПАНОВСКИ – Скопје заклучно со 31 декември 2021 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината која што завршува тогаш во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија.

**Извештај за други правни и регулативни барања**

Раководството на Друштвото е исто така одговорно за подготвување на годишниот извештај за работата во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да известиме дали годишниот извештај за работата е конзистентен со годишната сметка и финансиските извештаи за годината која завршува на 31 декември 2021 година. Нашата работа во однос на годишниот извештај за работата е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во годишниот извештај за работата се конзистентни со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи.

Годишниот извештај за работата е конзистентен, од сите материјални аспекти, со годишната сметка и ревидираните посебни финансиски извештаи на АД Д-Р ПАНОВСКИ – Скопје за годината која завршува на 31 декември 2021 година.

Скопје, 31 мај 2022 година

| **Овластен ревизор** | **Управител и Овластен ревизор** |
| --- | --- |
| Милена Јованова Димоска | Антонио Вељанов |

Друштво за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО СКОПЈЕ

| | Белешка | 2021 (000) МКД | 2020 (000) МКД |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 8 | 1,590,755 | 1,389,644 |
| Останати оперативни приходи | 9 | 13,302 | 12,298 |
| Набавна вредност на продадени стоки | 10 | (1,270,856) | (1,057,856) |
| Употребени суровини и материјали | | (11,789) | (10,832) |
| Трошоци за вработени | 11 | (60,818) | (54,698) |
| Амортизација | 17;18 | (33,642) | (32,415) |
| Останати оперативни расходи | 12 | (76,092) | (103,229) |
| **ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА (ЗАГУБА)** | | **150,860** | **142,912** |
| Приходи од финансирање | 13 | 2,962 | 3,265 |
| Добивки / загуби од вложувања | | - | - |
| Расходи од финансирање | 13 | (20,421) | (20,703) |
| **ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | | **133,401** | **125,474** |
| Данок од добивка | 14 | (7,810) | (8,395) |
| **НЕТО ДОБИВКА ЗА ПЕРИОДОТ** | | **125,591** | **117,079** |
| **Друга сеопфатна добивка:** | | | |
| Останата сеопфатна добивка | | - | - |
| **Вкупно друга сеопфатна добивка** | | **-** | **-** |
| **ПЕРИОДОТ** | | **125,591** | **117,079** |
| **Основна заработувачка по акција (Во МКД)** | 15 | **150** | **140** |

| | Белешка | 2021 (000) МКД | 2020 (000) МКД |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Нематеријални средства | 16 | 1,112 | 254 |
| Недвижности, постројки и опрема | 17 | 177,716 | 191,500 |
| Вложувања во недвижности | 18 | 463,555 | 460,280 |
| Вложувања во подружници | 19 | 15,033 | 15,033 |
| Вложувања во придружени друштва | 19 | - | - |
| **Вкупно нетековни средства** | | **657,416** | **667,067** |
| **Тековни средства** | | | |
| Залихи | 20 | 344,493 | 341,555 |
| Побарувања од купувачи и други побарувања | 21 | 931,816 | 648,657 |
| Дадени позајмици | 22 | 111,168 | 105,957 |
| Парични средства | 23 | 157,680 | 138,551 |
| **Вкупно тековни средства** | | **1,545,157** | **1,234,720** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **2,202,573** | **1,901,787** |
| **ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ** | | | |
| **Главнина** | | | |
| Акционерски капитал | 24 | 51,285 | 51,285 |
| Законски резерви | | 16,504 | 16,504 |
| Останати резерви | | 199,835 | 197,236 |
| Акумулирана добивка (загуба) | | 806,006 | 683,014 |
| **Вкупно главнина** | | **1,073,630** | **948,039** |
| **Нетековни обврски** | | | |
| Долгорочни кредити кои носат камата | 25 | 192,536 | 112,584 |
| Долгорочни наеми | 25 | 747 | 561 |
| **Вкупно нетековни обврски** | | **193,283** | **113,145** |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски спрема добавувачи | 26 | 262,203 | 214,716 |
| Примени аванси | 26 | 206 | 104 |
| Краткорочни кредити и позајмици | 27 | 549,225 | 517,112 |
| Тековен дел на долгорочни кредити и наеми | 25 | 92,371 | 75,214 |
| Останати тековни обврски | 26 | 31,655 | 33,457 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **935,660** | **840,603** |
| **Вкупно обврски** | | **1,128,943** | **953,748** |
| **ВКУПНО ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ** | | **2,202,573** | **1,901,787** |

Скопје, 1 март 2022 година

**За Одбор на Директори**
**Извршен Директор**

| | Белеш. | 2021 (000) МКД | 2020 (000) МКД |
|---|---|---|---|
| **Парични текови од оперативни активности** | | | |
| **Добивка (загуба) пред оданочување** | | **133,401** | **125,474** |
| **Усогласување за:** | | | |
| Амортизација на нематеријални средства | 16 | 114 | 146 |
| Амортизација на НПО | 17 | 21,353 | 20,382 |
| Амортизација на вложувања во недвижности | 18 | 12,175 | 11,887 |
| Дадени финансиски одобренија | 12 | 537 | 604 |
| Исправка и отпис на залихи | | 15,351 | 14,317 |
| Исправка и отпис на побарувања и заеми | | 16 | 4,630 |
| Преноси кај основни средства | | (151) | - |
| Исправка на вредност на вложување | | - | 12,699 |
| Капитална добивка/загуба од основни средства | | (339) | (1,909) |
| Останати намалувања | | - | - |
| Приходи од отпис на обврски | 9 | (613) | (34) |
| Расходи (приходи) од камати, нето | 13 | 16,753 | 15,373 |
| **Добивка (загуба) пред промени во обртни средства** | | **198,597** | **203,569** |
| Побарувања од продажба | | (278,501) | (145,896) |
| Побарувања за дадени аванси | | (4,888) | 32,284 |
| Останати тековни средства и АВР | | (323) | (2,344) |
| Залихи | | (18,289) | (19,977) |
| Обврски од добавувачи | | 48,100 | 15,269 |
| Обврски за примени аванси | | 102 | (113) |
| Останати тековни обврски и ПВР | | (1,252) | 4,209 |
| **Нето пари употребени во работењето** | | **(56,454)** | **87,001** |
| Платена камата | | (17,955) | 3,186 |
| Платен данок од добивка | | (9,441) | (1,105) |
| **Нето парични текови од оперативни активности** | | **(83,850)** | **89,082** |
| **Парични текови од вложувачки активности** | | | |
| Наплатени (дадени) заеми, нето | 22 | (5,211) | 13,497 |
| Стекнати / отуѓени вложувања во подружници, нето | 19 | - | (10,000) |
| Примени камати | 13 | 2,283 | 2,868 |
| Набавки на вложувања во недвижности | 18 | (15,450) | (35) |
| Купување на недвижности, постројки и опрема | 17 | (9,028) | (13,751) |
| Купување на нематеријални средства | 16 | (972) | (50) |
| Приливи од продажби на НПО | 17 | 1,949 | 2,715 |
| **Нето парични текови од вложувачки активности** | | **(26,429)** | **(4,756)** |
| **Парични текови од финансиски активности** | | | |
| Исплатени дивиденди | | - | - |
| Искористени (отплатени) кредити, нето | | 129,408 | (54,995) |
| **Нето парични текови од финансиски активности** | | **129,408** | **(54,995)** |
| **Нето зголемување (намалување) на парични средства** | | **19,129** | **29,331** |
| **Парични средства на почетокот на годината** | 23 | **138,551** | **109,220** |
| **Парични средства на крајот од годината** | 23 | **157,680** | **138,551** |

| | Акционерски капитал | Резерви од добивка за инвестиции | Законски резерви | Акумулиран а добивка (загуба) | Вкупно главнина |
|---|---|---|---|---|---|
| **Во илјади МКД** | | | | | |
| **На 1 јануари 2020 година** | **51,285** | **212,852** | **16,504** | **550,319** | **830,960** |
| **Сеопфатна добивка:** | | | | | |
| Добивка (загуба) за периодот | - | - | - | 117,079 | 117,079 |
| Друга сеопфатана добивка | - | - | - | - | - |
| **Вкупна сеопфатна добивка** | **51,285** | **212,852** | **16,504** | **667,398** | **948,039** |
| **Трансакции со сопствениците** | | | | | |
| Издвојување за инвестиции | - | 76,349 | - | (76,349) | - |
| Неискористен дел од реинвестирана добивка | - | (91,965) | - | 91,965 | - |
| Исплата на дивиденда | - | - | - | - | - |
| **На 31 декември 2020 година** | **51,285** | **197,236** | **16,504** | **683,014** | **948,039** |
| **Сеопфатна добивка:** | | | | | |
| Добивка (загуба) за периодот | - | - | - | 125,591 | 125,591 |
| Друга сеопфатна добивка | - | - | - | - | - |
| **Вкупна сеопфатна добивка** | **-** | **-** | **-** | **125,591** | **125,591** |
| **Трансакции со сопствениците** | | | | | |
| Издвојување за инвестиции | - | 50,000 | - | (50,000) | - |
| Неискористен дел од реинвестирана добивка | - | (47,401) | - | 47,401 | - |
| Издвојување за дивиденда | - | - | - | - | - |
| **На 31 декември 2021 година** | **51,285** | **199,835** | **16,504** | **806,006** | **1,073,630** |